Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020

Извадок на дел од дневни настани 09.07.2020

На 08.07.2020 во 11.50 часот на регионален пат за ХЕЦ Козјак полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Н.Г.(39) од Скопје, бидејќи кај него биле пронајдени прашкаста материја и марихуана. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 08.07.2020 во 23.20 часот на ул.„Орце Николов" во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода М.Е(26) од Скопје, бидејќи кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 09.07.2020 во 02.30 часот во с.Горно Нерези, скопско, полициски службеници од СВР Скопје ги лишиле од слобода Н.С.(27) и И.Д.(26), двајцата од Скопје, бидејќи кај нив биле пронајдени марихуана и ризли. По целосно документирање на случајот, против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 08.07.2020 околу 21.15 часот на регионалниот пат Кавадарци – с.Росоман се случила сообраќајна несреќа помеѓу автомобил „пежо", со кавадречки регистарски ознаки, управуван од П.М.(38) и трактор, со кавадречки регистарски ознаки, управуван од М.З.(33), двајцата од Кавадарци. Во незгодата починал возачот на тракторот, а П.М. и сопатничката од истото возило, Љ.С.К.(43) од Кавадарци, се здобиле со телесни повреди. Бил извршен увид на местото на незгодата.

На 08.07.2020 во 20.45 часот на регионален пат Валандово – Струмица, пред крстосница за село Работино, товарно возило „мерцедес спринтер", со британски регистарски ознаки, во кое биле превезувани 50 мигранти од Индија, Авганистан и Пакистан, се превртело на коловозот. По незгодата возачот побегнал од местото. Во незгодата, со тешки телесни повреди се здобиле четворица мигранти, а 10 се здобиле со телесни повреди, констатирани во Медицинскиот центар Струмица, каде што биле пренесени за укажување на лекарски помош. Останатите мигранти биле пренесени во Прифатниот центар Гевгелија. Увид на местото на незгодата извршиле Јавен обвинител и екипа на СВР Струмица. Се работи на расчистување на случајот.

На 08.07.2020 околу 10.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека од зграда во изградба на ул.„Банско" во Скопје паднал Д.Б. од Велика Британија, кој бил пренесен во Комплекс клиники „Мајка Тереза", каде му биле констатирани тешки телесни повреди. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 09.07.2020 во 01.30 часот било пријавено дека на локалниот пат с.Стојаково - с.Богородица, А.П.(54) од с.Стојаково, управувајќи патничко моторно возило „сеат леон", со гевгелиски регистарски ознаки, во кое како сопатник се превезувала и неговата сопруга, излетало од патот. Откако пристигнала екипа на Итна медицинска помош тој починал. Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од Полициската станица Гевгелија и Јавен обвинител, по чија наредба телото на починатиот било дадено за обдукција.

На 09.07.2020 во 05.00 часот било пријавено дека на влезот во Кавадарци, Г.Б.(69) од Кавадарци, управувајќи трактор, изгубил контрола и се превртел, при што починал на местото. Увид извршила увидна екипа од Полициската станица Кавадарци.

На 08.07.2020 во 17.00 часот било пријавено дека на железничката пруга Скопје Север - Горче Петров, после надвозникот во Визбегово, воз што сообраќал на релација Скопје - Кичево удрил во едно лице, кое било пренесено во Комплекс клиники „Мајка Тереза" за укажување на лекарска помош. Железничкиот сообраќај на тој дел од пругата бил во прекин од 17.00 до 19.35 часот.

На 08.07.2020 во 18.45 часот било пријавено дека на место викано „Каменолом" - Сува Река, Стар Дојран, полициски службеници од Полициската станица за граничен надзор и граничен премин Стар Дојран пронашле една неексплоадирана експлозивна направа - граната. За настанот била запознаена Дирекцијата за заштита и спасување, а гранатата ќе биде безбедно подигната.

На 08.07.2020 во 15.40 часот во Полициската станица Аеродром, Г.В.(21) од Скопје пријавила дека на ул.„Коста Новаковиќ" била касната од куче скитник.

Во текот на 08.07.2020 година на подрачјето на СВР Скопје санкционирани се двајца возачи затоа што управувале возила без да се стекнат со право на управување на моторно возило и 26 возила се подигнати со специјално возило „пајак".

ОВР Прилеп, до ОЈО Прилеп, поднесе кривична пријава против Н.Б.(36) од Прилеп поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување на сигурноста" по член 144 став 3 од Кривичниот законик. На 07.07.2020 околу 18.00 часот, Н.Б. од негов профил на социјалната мрежа „Фејсбук" упатил закани по животот кон полициски службеник од ОВР Прилеп.

На 09.07.2020 во 01.15 часот на ул.„Сирма Војвода" во Охрид, полициски службеници од СВР Охрид извршиле преглед над В.Т.(20) од Охрид и во возило „ауди", со охридски регистарски ознаки, што тој го управувала, при што пронашле марихуана и дробилка со остатоци од марихуана. В.Т. била приведена во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против нев ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 09.07.2020 во 06.18 часот било пријавено дека во нас.Дрма, скопско, во домот, В.Т.(61) со секира ја нападнал неговата сопруга П.Т.(57), додека спиела, по што со возило го напуштил местото на настанот. П.Т. била пренесена во Комплекс клиники „Мајка Тереза" за укажување на лекарска помош, каде е биле констатирани тешки телесни повреди. Во 10.02 часот било пријавено дека во нива во нас.Дрма, во патничко возило „даеву ланос", со скопски регистарски ознаки, бил пронајден починат В.Т., со повреда на вратот. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје, а по наредба на Јавен обвинител телото на починатиот било предадено за обдукција. Се работи на целосно расчистување на случајот.

На 08.07.2020 околу 11.30 часот во СВР Охрид било пријавено дека на бул. „Туристичка" во Охрид бил нарушен јавниот ред и мир со физички напад извршен од К.М.(33) врз М.Л.(23), двајцата од Охрид. К.М., иако имал решение од Државниот здравствен инспекторат за одредена мерка „изолација", го напуштил својот дом и управувал патничко возило по бул. „Туристичка", со кое му го блокирал патот на М.Л., по што физички го нападнал. По целосно документирање на случајот, против напаѓачот ќе биде поднесена соодветна пријава.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против С.Ѓ.(35) од Охрид, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешка телесна повреда". На 03.07.2020 на ул.„Мончило Јорданоски" во Охрид, пријавениот физичка ја нападнал С.Ѓ. од Охрид и и нанел тешки телесни повреди. Од страна на судија на претходна постапка му бил одреден притвор во траење од осум дена.

На 07.07.2020 во 16.20 часот во Полициската станица Карпош, В.П.(57) од Скопје пријавила дека на 06.07.2020, додека била во нејзиниот дом на ул. „Козле" во Скопје, на нејзиниот мобилен телефон и телефонот на нејзината ќерка Е.П. пристигнале закануачки пораки од профили на фејсбук на Г.С. и С.И., со закани по животот на пријавителката и нејзиниот семејство. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.07.2020 во 11.30 часот во СВР Куманово, С.К.(56) и В.Л.(53), двајцата од Куманово, пријавиле дека по претходен договор со А.С. во мај 2019, заедно со уште шест лица од Куманово заминале во Манхејн, Германија, каде започнале со работа во градежна фирма. Но, по три месеци од престојот, ним им биле исплатени само дде плати и не им биле обезбедени документи и престо да А.С., согласно претходниот договор, по што си заминале од Германија. Според пријавеното, тие имале неколку обиди да стапат во контакт со А.С., но таа не се јавувала, по што констатирале дека се оштетени и измамени за сума од 2.600 евра. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.07.2020 во 23.00 часот во СВР Куманово, М.Ш.(37) од с.Матејче, општина Липково, пријавил дека околу 19.40 часот неговиот 15 - годишен син, кој управувал мопед „пежо" на место викано „Јурија" во с.Матејче, по претходна расправија околу сообраќајот, бил удрен со возило „голф" и бил физички нападнат од Ф.Б., кој го управувал возилото. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Во СВР Битола било пријавено дека на 07/08.07.2020 на ул.„Климент Охридски" во Битола непознат сторител ја украл таблата со натпис „Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството". Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.07.2020 во Полициската станица Прилеп било пријавено дека преку профилот на П. од Прилеп на социјалната мрежа „Фејсбук" била испратена закана за физичка ликвидација на Д.М. од Кавадарци. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.07.2020 околу 22.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека помеѓу првиот и вториот кат од прозорецот на хотел - државен карантин во Скопје бил забележано чаршав, кој бил врзан како импровизирано јаже. По проверка во собите од полициски службеници од СВР Скопје било констатирано дека во две соби ги нема А.Ј.(22) и А.Б.(24), двајцата од Турција, кои на 03.07.2020, врз основ на наредба, а во врска со кривичното дело „криумчарење мигранти", од Полициска станица за гранични проверки и граничен надзор Богородица биле спроведени во државен карантин, поради позитивен тест на ковид - 19 кај едно од лицата. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.07.2020 во 10.15 часот во Полициската станица Штип, И.В.(49) од Штип пријавил дека неговиот син Р.В.(28), кој имал здравствени проблеми, се оддалечил од семејниот дом во Штип. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 08.07.2020 околу 11.20 часот во Полициската станица Гостивар било пријавено дека кај споменик на „Чеде Филиповски" на плоштадот „Маршал Тито" во Гостивар биле испишани графити. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.07.2020 околу 11.30 часот во СВР Битола било пријавено дека на Народниот театар на ул.„Димитар Илиевски – Мурато" во Битола биле испишани графити. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.07.2020 во 01.50 часот во Полициската станица Гевгелија, А.П.(65) од Гевгелија пријавила дека до домот се оддалечила нејзината внука М.П.(14), за која пријавителката се сомнева дека се наоѓа кај лице од Гевгелија. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против Р.Ч.(17) од с.Дреновци, кичевско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 19.02.2019 во Кичево, полициски службеници извршиле преглед над Р.Ч. и Б.А. (19) од с.Грешница, при што кај Р.Ч. била пронајдена и одземена марихуана.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против С.А.(39) од с.Подбреѓе и С.С. (59) од с.Ланчиште, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 05.06.2020 полициски службеници извршиле контрола во угостителски објект во с.Ланчиште, сопственост на С.С., кој поставил спортивно на здравствените прописи за време на епидемија и бил отворен, додека во објектот бил затекнат и С.А..

На 08.07.2020 во 14.30 часот во Полициската станица Кисела Вода било пријавено дека од Јавната установа за згрижување деца со воспитно социјални проблеми и нарушено поведение во Скопје се оддалечила нивната штитеничка Е.М.(17). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

СВР Охрид и СВР Струмица поднесоа кривични пријави против А.Р.(35), Н.П. (29) од Охрид и Д.К.(37) од Радовиш, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". Пријавените, од 06.07.2020 до 08.07.2020, без дозвола биле затекнати надвор од своите домови и не се придржувале кон воведената мерка „забрана на движење на подрачјето на Р.С. Македонија".